Република Северна Македонија
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 04-124/19
07. 02 2024 год.
ПРОБИШТИП

ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ул.Јовче Стојковски бр.1
2210, Пробиштип
тел. +389 (0)32 483 531 | fax: +389 (0)32 483 047
www.probistip.gov.mk | info@probistip.gov.mk

Врз основа на член 52 став 1 и 2 од Законот за административните службеници „Службен весник на РМ" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 80/16, 127/16, 142/16,2/17, 16/17, 11/18, „Службен весник на РСМ" бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22), Секретарот на Општина Пробиштип донесе:

**ОДЛУКА**
**За избор на кандидат по пат на Интерен оглас бр.01/2024 пополнување на работно место со унапредување**

1. За извршител на работното место УПР 0101В01000 Советник за администрирање на даноци на имот и комунални такси во Одделението за финансиски прашања се избира кандидатот **Драган Јовчевски**.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

На ден 29.01.2024година е објавен Интерен оглас бр.01/2024 на веб страницата на Општина Пробиштип и веб страницата на Агенцијата за администрација за унапредување на административен службеник во Општина Пробиштип.

Комисијата за селекција и унапредување на административен службеник за работно место УПР 0101В01000 Советник за администрирање на даноци на имот и комунални такси во Одделението за финансиски прашања, формирана од Секретарот на Општина Пробиштип со Решение бр.04-124/8 од 01.02.2024 година, во функција за спроведување на постапката за селекција за унапредување на административен службеник изготви Записник од административна селекција бр. 04-124/14 од 06.02.2024 година, Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју бр.04-124/15 од 06.02.2024год. и финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат бр. 04-124/17 од 06.02.2024 год., ги достави до Секретарот на Општината.

Врз основа на Записникот од финалната ранг листа на интервјуираните кандидати, за работно место Советник за администрирање на даноци на имот и комунални такси во Одделението за финансиски прашања, Секретарот на Општина Пробиштип донесе одлука како во диспозитивот.

Врз основа на погоре изнесеното, Секретарот на Општина Пробиштип одлучи како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука може да се поднесе жалба преку општина Пробиштип до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од осум (8) дена од денот на приемот на Одлуката.

Доставено до:
-Архива
-Адмистративен службеник

Број 04-124/19
Дата 07.02.2024
Пробиштип

Општина Пробиштип
Секретар,
Билјана Ефтимова